# ЗАБАВЕН УЧИЛИШЕН СПОРТ ЗА ДЕЦА ОД ПРЕДУЧИЛИШНАТА И ОДДЕЛНСКАТА НАСТАВА

**Владо Димовски**

*Федерација на училишен спорт на Македонија*

**АПСТРАКТ**

Работно ангажирање на 20 млади невработени стручни лица, како наставни тренери, за имплементирање на наставен програм по физичко и здравствено образование за децата од одделенска настава во основни училишта конципиран според принципот на учење низ игра и забава во рамките на проектот: Забавен Училишен Спорт.

**КЛУЧНИ ЗБОРОВИ:** ФЗО, настава, игра, забава, ученици, основно училиште.

**Опис**

Физичко и здравствено образование (ФЗО) за учениците од одделенската настава во основните училишта, најчесто не се реализира или се заменува според подлого време

**Забавен училишен спорт**, е специфична програма за физичкото и здравствено образование, конципирана врз принципот на ***учење низ игра и забава,*** наменета за децата од предучилишното и основното образование - одделенска настава, кој втора година успешно се спроведува во неколку основни училишта во државата.

Првата година, со проектот беа опфатени 5 основни училишта, а втората учебна година проектот се прошири на 13 основни училишта, во рамките на проектот и 2 училишта врз принцип на самофинансирање.

**Цели на проектот**

Според добиените показатели од непосредните увиди како и добиените сознанија со инструментите за процена на имплементацијата, во целост се остварени зацртаните цели а стекнатото искуство претставува солидна основа за продолжување на проектот.

- Соодветно физичко ангажирање на децата предучилишна и одд. настава.
- Флексибилна програма по ФЗО, според условите во училиштата, можностите и потребите на децата со примена на забавниот концепт - ***учење низ игра и забава***.
- Помош на одделенските наставници и стручно застапување на часот по физичко и здравствено образование во одделенска настава.
- Работно ангажирање на млади стручни невработени лица / (самофинансирање)
- Подобрување на материјалната база на основните училишта со опрема и реквизити со донација на опрема
- Социјализација на децата низ игра и забава.
- Проширување на проектот и вклучување на поголем број училишта и ученици

**Задачи на проектот**

1. Изготвување на план за работа
2. Селектирање на основни училишта
3. Сондирање на инфраструктурата за ФЗО во училиштата
4. Определување на стручни лица за практична работа
5. Изготвување на Програма за работа
6. Регионални семинари за стручно усовршување на кадарот
7. Набавка и дистрибуција на опрема и реквизити
8. Мониторинг
9. Супервизија
10. Евиденција и документација

**Организациска поставеност**

***Организатори***
МОН
ФУСМ
ОЗФШ

***Подршка***
МОН
БРО
АМС

***Финанасии***
МОН
НФФ
ФУСМ




**Повратни информации**

- Мониторинг
- Сондирање на ставовите и мислењата
- Пречки и негативни влијанија
- Евалуација

**Оперативен план**

Користејќи го минатогодишното искуство, беше изготвен план за работа во кој се дефинирани поединостите за имплементација на проектот.

Според планот проектот се проширува во повеќе региони при што се опфаќаат повеќе училишта и ученици а се намалува бројот на наставни тренери со што истите ќе имаат поголем часовен ангажман (6 - 10 часа неделно).

Имплементацијата на активностите ќе се одвива според позитивните Законски прописи за основно образование и Наставниот план и програма на БРО, со акцент на методските и дидактичките правила и принципи на наставата.

Активностите од програмата ќе се реализираат на еден наставен и еден вонанаставен час по ФЗО во избраните одделенија во одделенска настава. Наставните часови ќе се реализираат според распоредот на часови во училиштата а вонанаставните часови во договор со учениците, наставниците, родителите и директорите.

Практичната настава по ФЗО ќе ја реализира наставен тренер - младо стручно лице од областа на физичката култура и спортот, заедно со одделенскиот наставник..

Проектот во целост е подржан од МОН и БРО како надлежни државни институции од областа на образованието со што е обезбеден непречен пристап во ОУ и соодветна соработка од страна на директорите и наставниот кадар од одделнска настава.

За кацелариско работење на проектот МОН обезбеди опремена канцеларија, и со допис ги стави на располагање ифраструктурните услови на училиштата на потребите за имплементација на проектот.

БРО како стручно тело во МОН, дава стручната подршка на проектот и за цело време на имплементацијата како и при реализација на семинарите за стручно усовршување зема активно учество со давање насоки, укажувања и помош при изготвување на содржините и програмата за работа.

**Семинари за стручно усовршување**

За запознавање на наставниот кадар со програмата за работа, организирани се семинари за стручно усовршување по региони. Со регионалните семинари остварена е поголема ефикасност во работата со наставниот кадар и се намалени трошоците за оваа намена.

**Основни училишта**

Според зацртаните критериуми и искажаната подготвеност на управите на училиштата за прифаќање на проектот и негова имплементација, селектирани се следните училишта :

**П Р Е Г Л Е Д**

На училишта со број на ученици, паралелки и наставници

| | | **Исток** | | **463** | **20** | **20** | **3** | **3** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Р.б.** | **Училиште** | **Општина** | **Јаз** | **Уче.** | **Пар** | **Нас** | **Тре** | **Дир** |
| 1 | "КИРИЛ И МЕТОДИЈ" | Св. Николе | М | 177 | 7 | 7 | 1 | 1 |
| 2 | "НИКОЛА КАРЕВ" | Пробиштип | М | 212 | 9 | 9 | 1 | 1 |
| 3 | "ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" | Конче | М | 74 | 4 | 4 | 1 | 1 |

| | | **Скопје** | | **511** | **23** | **25** | **4** | **3** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Р.б.** | **Училиште** | **Општина** | **Јаз** | **Уче.** | **Пар** | **Нас** | **Тре** | **Дир** |
| 1 | "БРАТСТВО" | Карпош | М;А | 192 | 9 | 11 | 2 | 1 |
| 2 | "ТЕФЕЈЈУЗ" | Чаир | Т | 197 | 8 | 8 | 1 | 1 |
| 3 | "КРУМ ТОШЕВ" | Трубарево | М | 122 | 6 | 6 | 1 | 1 |

| | | **Тетово** | | **534** | **36** | **36** | **10** | **3** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Р.б.** | **Училиште** | **Општина** | **Јаз** | **Уче.** | **Пар** | **Нас** | **Тре** | **Дир** |
| 1 | "А.ЗДРАВКОВСКИ" | Јегуновце | М | 77 | 7 | 7 | 2 | 1 |
| 2 | "ШЕМШЕВО" | Шемшево | М;А | 263 | 16 | 16 | 6 | 1 |
| 3 | "СИМЧЕ НАСТОСКИ" | Вратница | М;А | 194 | 13 | 13 | 2 | 1 |

| | | **Запад** | | **447** | **20** | **20** | **4** | **4** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Р.б.** | **Училиште** | **Општина** | **Јаз** | **Уче.** | **Пар** | **Нас** | **Тре** | **Дир** |
| 1 | "ИСМАИЛ ЌЕМАЛИ" | Гостивар | А | 140 | 5 | 5 | 1 | 1 |
| 2 | "ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" | Гостивар | М | 47 | 2 | 2 | | 1 |
| 2 | "САНДЕ ШТЕРЈОСКИ" | Кичево | М;А;Т | 150 | 7 | 7 | 2 | 1 |
| 3 | "МАНЧУ МАТАК" | Кривогаштани | М | 110 | 6 | 6 | 1 | 1 |

Рекапитулар

| **Р.б.** | **Училиште** | **Општина** | **Јаз** | **Уче.** | **Пар** | **Нас** | **Тре** | **Дир** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **13** | **12** | **3** | **1955** | **99** | **101** | **21** | **13** |

Легенда на наставни јазици:

М - Македонски
А - Албански
Т - Турски

Рекапитулар по национален состав - ученици

| Националност | машки | женски | Вкупно |
|---|---|---|---|
| – Македонци | 631 | 448 | 1079 |
| – Албанци | 303 | 318 | 621 |
| – Турци | 126 | 121 | 247 |
| – Роми | 5 | 3 | 8 |
| | 1065 | 890 | 1955 |

**Остварени на придобивки**

Со имплементација на активностите од проектот, и реализација на поставените задачи, во голем дел се оствариjа зацртаните цели, со кои се остварени следните придобивки :

- *Интензивирање на наставата по ФЗО во одделенска настава*
- *Помош на одд. наставници за практична реализација на часот по ФЗО*
- *Работно ангажирање на млади стручни кадри*
- *Подобрување на материјалната база на училиштата со наставни и нагледни средства*

- **Опрема за инволвираниот кадар**
  - Тренерка 140
  - Маици 140
  - Капа 140
  - Топка "селект" 140
  - Шише за вода 140
  - Торба 140
  - Прирачник за работа 100

- **Опрема за учениците**
  - Маички со лого 2200
  - Капа со натпис 2200
  - Шишенца за вода 2200

- **Опрема за училиштето**
  - Топка бр. 4 1500
  - Мрежа за топка 120
  - Мал гол (пар) 24
  - Маркер маичка 400
  - Маркер - капица (сет) 32
  - Маркер - корнет 400
  - Јаже вијача 120
  - Душек 48
  - Хула хоп - обрач 400

Опремата е поделена на училиштата според бројот на паралелки вклучени во проектот, за што е изготвена соодветна документација.

**Заклучок**

Реализацијата на активностите од проектот ЗУС, во ОУ следена е од страна на овластени инструктори од ОФФС, ФУСМ, Бирото за развој на образованието и проект-менаџерот, за што се изготвени соодветни извештаи.

Реализираните активности од проектот ЗУС, се добро прифатени од страна на учениците, одделенските наставници и другиот наставен кадар во училиштата, како и родителите на учениците и стручната служба во училиштата. Остварени се поинтензивни часови по ФЗО со интересни содржини, на кои учениците не се оптоварени со барања за остварување на одредени норми и постигнување на резултат, туку низ необавезна игра и забава, можат да научат одредени моторни знаења, умееѕеа и навики.

Родителите позитивно се изјаснија за оваа новина во одделенска настава со тоа што сметаат дека децата се помалку агресивни, имаат подобрен апетит и потреба од храна а сонот им е мирен и спокојн.

Одделенските наставници во прво време со резерва ги прифаќаа надворешните стручни лица, плашејќи се за сопствениот наставен фонд и намалување на платата, но подоцна активно се вклучија во реализација на активностите. Наставниот тренер го прифатија како свој

помошник, кој стручно ги реализира практичните активности со децата.

Наставните тренери, млади стручни лица кои се невработени, уште со запознавање со оваа идеа изразија позитивен став, така да покрај практицирање во својата струка, ја зголемуваат можноста за вработување или ангажирање по принцип на самофинансирање.

Дирекоторите на ОУ сметаат дека со интензивирањето на часот по ФЗО во одделенска настава, покрај помошта на одделенскиот наставник се допринесува за зголемување на интресет на децата за наставата, поголема вклученост на родителите во реализација на програмските содржини во училиштето, подигнување на реномето на училиштето а особено со збогатување на материјалниот фонд со донираната опрема за наставата по физичко и здравствено образованиеисто.

Покрај наведените остварени бенифити, како посебна придобивка е подршката од страна на релевантните институции во земјата (МОН, БРО, АМС) со што е отворен простор за продолжување со работа на проектот и негово проширување во повеќе региони.

Може да се каже дека проектот ЗУС е успешно имплементиран во учебната 2006/2007 година, и се остварени поставените цели, инволвираните субјекти искажаа задоволство што беа дел од овој проект и подготвеност за повторно вклучување во колку се продолжи со работа.

За време на имплементацијата на активностите се наидуваше на одредени пречки и проблеми од кои извлечени се одредени поуки кои може да се искористат во идното планирање на продолжување со работа на проектот.

**Предлози и мислења**

При продолжување со работа на проектот во наредната учебна година, треба да се имаат предвид досегашните искуства кои во значителна мера ќе допринесат за подобрување на квалитетот и ефективноста на работата.

1. Децата од оваа возраст имаат потреба од соодветно физичко ангажирање, како во наставата по ФЗО така и во вонннаставни активности.
2. Ангажирање на невработени лица за наставни тренери или вработени кои немаат полн фонд на часови по ФЗО.
3. Ангажирање на лица за наставни тренери од спортски клубови
4. ПроШирување и имплементација на концептот, користејќи го професионалниот погон на ФУСМ
5. Прилагодување на програмата за работа кон инфраструктурните услови на училиштата и 9 годишното основно образование.
6. Водење на евиденција за напредувањето на учениците
7. Инволвирање на надлежните институции, посебно АМС поконкретно да го подржи овој проект со давање на иницијатива за ангажирање на млади невработени стручни кадри како наставни тренери.